INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

www.isshs.edu.mk

## Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје

# Упатство за студирање на втор циклус студии

# (едногодишни и двегодишни постдипломски студии)

### Постдипломски програми

Институтот за општествени и хуманистички науки- Скопје (ИОХН-Скопје) нуди можност за студирање на две студиски програми од втор циклус:

- Родови студии (едногодишни)
- Студии на политиките (едногодишни и двегодишни)

На втор циклус студии, на едногодишната програма може да се запишат студентите кои по првиот циклус студии стекнале 240 кредити. По завршувањето на магистерските студии на ИОХН-Скопје, студентот/ката од првиот и вториот циклус на студии стекнува вкупно 300 кредити.

На втор циклус студии, на двегодишната програма може да се запишат студентите кои по првиот циклус студии стекнале 180 кредити. По завршувањето на магистерските студии на ИОХН-Скопје, студентот/ката од првиот и вториот циклус на студии стекнува вкупно 300 кредити.

### Семестри

Времетраењето на овие студии е една година (два семестари) односно две години (четири семсестри). Согласно Законот за високо образование, академската година, односно зимскиот семестар започнува на 15 септември, а трае до 28 февруари. Зимскиот распуст е од 1 март до 15 март. Летниот семестар почнува од 16 март и трае до 30 јуни, а летниот распуст е од 1 јули до 14 септември.

### Модули и кредити

Студиите се организирани според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), со што по успешно одбранетата магистерска теза студентот/ката се стекнува со 60 или 120 кредити, односно, за еден семестар студентот/ката може да добие 30 кредити.

За едногодишните студии, студиските програми се организирани преку три модули и одбрана на магистерскиот труд:

- задолжителен теориски модул – 16 кредити
- задолжителен методолошки модул - 12 кредити
- изборен модул – 12 кредити
- работење и одбрана на магистерски труд – 20 кредити

или

- задолжителен теориски модул – 14 кредити
- задолжителен методолошки модул - 10 кредити
- изборен модул – 12 + 4 кредити
- работење и одбрана на магистерски труд – 20 кредити

За двегодишните студии, студиските програми се организирани преку три модули и одбрана на магистерскиот труд:

- задолжителен теориски модул – 30 кредити
- задолжителен методолошки модул - 30 кредити
- изборен модул – 40 кредити
- работење и одбрана на магистерски труд – 20 кредити

Обемот на студиите се определува со вкупно потребно оптоварување на студентот/ката во часови. Вкупниот обем на студиите претставува збир на оптовареноста на студентот/ката со настава, вонннаставни активности и учење на сите предметни програми во еден семестар, изразен во часови. Еден кредит одговара на 25 часа вкупна работа (оптовареност) на студентот/ката во еден семестар.
Табеларно претставување на оптовареноста на студентот/ката по предмети изгледа вака:

| Пресметување на 8 кредити | | Оптовареност на студентот/ката во часови |
|---|---|---|
| 18 контакт часови | 18 контакт часови + 10 часа подготовка за наставните часови | 28 часа |
| 12 часови вежби | 12 часа вежби+ 10 часа подготовка за вежбите | 22 часа |
| Самостојна задача (писмена изработка) | околу 15 страни | 45 часа |
| Домашно учење | Совладување на посочената предметна литература | 105 часа |

| | | |
|---|---|---|
| | | Вкупно 200 часа |

| Пресметување на 6 кредити | | Оптовареност на студентот/ката во часови |
|---|---|---|
| 12 контакт часови | 12 контакт часови + 8 часа подготовка за наставните часови | 20 часа |
| 8 часови вежби | 8 часа вежби+ 7 часа подготовка за вежбите | 15 часа |
| Самостојна задача (писмена изработка) | околу 15 страни | 35 часа |
| Домашно учење | Совладување на посочената предметна литература | 80 часа |
| | | Вкупно 150 часа |

Студентот/ката може да стекне одреден број кредити во случај на активно учество во дополнителни вонпаставни активности организирани од ИОХН-Скопје (пр.,работа на истражувачки проекти, летни школи, летни/зимски колоквиуми...). Стекнатиот број на кредити на овој начин, го определува Комисијата за определување и пресметување на кредити (ЕКТС) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Начин на оценување**

Начинот на оценување се одвива преку бодување. Максималниот број на бодови освоени за секој предмет одделно е 100 бода, а се пресметуваат преку 3 типа на активности:

- Тестови или усен испит: 30 бода (максимален број на освоени бодови)
- Писмена изработка (семинарски труд, есеј...): 60 бода (максимален број на освоени бодови)
- Учество и активност на часови: 10 бода (максимален број на освоени бодови)

**Критериуми за оценка**

Секоја изведена оценка одговара на одреден број бодови, и тоа:

| | |
|---|---|
| до 59 бода | 5 (пет) F |

| | |
|---|---|
| од 60 до 67 бода | 6 (шест)E |
| од 68 до 75 бода | 7 (седум)D |
| од 76 до 83 бода | 8 (осум)C |
| од 84 до 92 бода | 9 (девет)B |
| од 93 до 100 бода | 10 (десет)A |

Оценките од секој испит се евидентираат во пријавата за испит и електронскиот индекс на студентот/ката.

**Академски кадар**

Академскиот кадар се состои од: професори/ментори, професори гости (визитинг), асистенти-истражувачи и академски координатор. Професорите/ментори се задолжени за реализација на наставата, спроведување на консултации и менторирање на тезата. Визитинг професорите учествуваат во наставата, како предавачи, по покана на Институтот. Асистентите-истражувачи учествуваат во реализацијата на наставата. Академскиот координатор ја фасилитира комуникацијата меѓу студентите и професорите, како и координирање на техничките и административни аспекти на студиите.

**Изведување на наставата**

За едногодишните студии, првиот семестар е посветен за мастер часовите по задолжителните модули, а вториот семестар е посветен на изборните модули.
За двегодишните студии, првиот семестар е посветен на мастер часовите по задолжителниот теоретски модул, вториот семестар е посетен на мастер часовите на задолжителниот методолошки модул, третиот и четвртиот семестар се посветени на изборниот модул.
Распоредот на часовите се објавува пред почетокот на семестарот.
Настава се изведува во групи, доколку за одделен предмет се запишат најмалку 5 студенти. Доколку се запишат помалку од 5 студенти, наставата се изведува по пат на консултации, односно менторски систем.

Мастер час (повеќе од 5 студенти) – претставува комплексен час, може да го водат повеќе професори или професор и асистент, користејќи различни пристапи. Тој подразбира долга и интензивна интерактивна наставна работа и вежби, кои бараат исчитување на клучни текстови и кои ги интегрираат теорискиот и практичниот дел (во методолошкиот модул ќе се вежбаат и конкретни вештини).

Менторски систем (помалку од 5 студенти) – подразбира задолжителни консултации со професорот, односно менторот на модулот. За предметите од задолжителниот

теориски модул се предвидени 5 едночасовни консултации. За предметите од задолжителниот методолошки модул 4 едночасовни консултации, а за предметите од изборниот модул 3 едночасовни консултации.

Изборот на предмети од изборниот модул студентот/ката ги пријавува на крајот од првиот семестар, односно во месец февруари. Листата на избраните изборни предмети студентот/ката треба по електронски или пак или писмено во тврда копија да ја достави до Академскиот координатор. Академскиот координатор ги известува предметните професори за листата на студенти запишани за конкретниот предмет. Асистентите и професорите ја преземаат понатамошната комуникација со студентите на изборниот предмет. Асистентите на предметите го известуваат академскиот координатор за главните компоненти од испитниот процес (одржани консултации, закажан испит, пополнета пријава...).

Присуството на наставата е задолжително. Студентот/ката има право да го полага предметот доколку посетувал/а најмалку 65% од наставата (мастер-часови и вежби) или доколку присуствува на редовните консултации. Доколку студентот/ката е спречен/а да присуствува на наставата и не го оствари потребниот минимум на присуство, има можност бодовите од наставата, како и запишувањето на вториот семестар да ги оствари со изработка на дополнителен индивидуален писмен труд (семинарска работа). Темата на семинарската работа ја определува самиот студент во консултација со некој од предметните наставници од теориските предмети.

Во изведувањето на наставата можат со свои предавања да учествуваат и лица кои се истакнати во областа, по претходна покана на Институтот.

Присуството на мастер–часовите и задолжителните консултации се евидентираат во посебен формулар, на кој студентите го ставаат својот потпис.

Наставата во неработните денови се одвива во претпладневните и попладневните часови. А во работните денови, во попладневните часови.

Наставата по правило се изведува на македонски јазик, но доколку постои потреба може да се изведува на англиски јазик.

**Полагање на предметите**

Пред почетокот на семестарот студентот/ката за секој предмет добива наставен план и програма. Во нив се содржани обврските кои студентот/ката треба да ги исполни за да се стекне со соодветен број на кредити.

Секој предметен професор има обврска да посочи релевантна литература или да подготви читанка која студентот/ката треба задолжително да ја совлада.

Полагањата на испитите се организираат преку колоквиумски недели, за чии термини студентите ќе бидат навремено известени и кои се одвиваат по завршување на наставата по одделните предмети, односно по завршување на задолжителните консултации. Во рамките на колоквиумските недели студентите во консултација со професорите, односно, асистентите го определуваат точниот термин на полагање (усна одбрана на писмената изработка). Во рамките на едногодишните студии се организираат колоквиумски недели во секој испитен рок (вкупно четири, по две за секој семестар).

Писмените изработки претставуваат оригинални, лични трудови на студентите. При изработката на писмените изработки задолжително е студентите да се придржуваат на академските правила за избегнување на плагијат. Во случај на плагијат, Наставно-научниот совет на Институтот одлучува за казнените мерки и за понатамошниот статус на студентот/ката. Писмените изработки се доставуваат во архивата на Институтот во печатена и електронска форма.

Во принцип, предметите се полагаат преку одбрана на писмена изработка на тема која ќе биде одобрена од предметниот наставник. Предметниот наставник може наместо овој начин на полагање да подготви тест за полагање.

Конечната оценка за предметот се изведува откако студентот/ката усно ќе ја одбрани писмената изработка/тестот, пред предметниот наставник, во присуство на сведок (студент, асистент, или друг предметен наставник). Усната одбрана подразбира и одговарање на прашања поставени од страна на предметниот наставник, а кои се однесуваат на писмената изработка и содржините од задолжителната литература.

Завршното оценување на редовните студенти се спроведува во рамки на 5 испитни сесии (од колоквиумските недели):

1. Од 1 февруари до 15 февруари
2. Од 15 април до 1 мај
3. Од 1 јуни до 15 јуни
4. Од 1 септември до 15 септември
5. Од 15 октомври до 15 декември

Студентот/ката може да го пријави испитот по електронски и писмен пат, доколку постои можност за тоа. При електронско пријавување на испитот, студентот/ката е должен/на дополнително да достави пријава за испит во тврда копија.
По писмен пат, испитот се пријавува со Пријава за испит. Пријавата за испит претставува документ кој што е еднообразен за сите студиски програми и истиот може да биде пратен по електронска пошта на студентот/ката или може да се подигне во самиот Институт.

Оценките од испитите, предметниот наставник ги запишува во Пријавата за испит и во електронски индекс. Сите пријави од испитите се предаваат на академскиот координатор, кој е задолжен за уредно водење на досиејата на студентите.

За секој/а студент/ка се води електронско досије. Електронското досије ги содржи: испитна документација (пријава, сминарски труд, тест, прашања, кредити, оцена). Доколку студентот/ката не се појави на пријавениот испит, се смета дека го искористил правото од еден обид за полагање на испитот и во Пријавата за испит му се впишува: не положил.

Доколку студентот/ката не е задоволен/на од постигнатиот резултат на испитот има право да го повтори испитот за повисока завршна оценка. На Пријавата за испит, во тој случај, се впишува дека студентот/ката ја поништува оценката. Секој студент/ка има право најмногу два пати да ја поништи оценката од професорот и да бара повторување на испитот за повисока оценка.

Студентот/ката може да поднесе и приговор заради оценката од проверката на знаењето и во тој случај, по одлука на Претседателот на советот или Извршниот директор, испитот се спроведува пред трочлена комисија.

Студентот/ката запишан/а на едногодишни постдиплосмки студии е должен/на да ги заврши испитите во законски утврдениот рок, односно испитите да ги положи и да ја одбрани тезата во рок од 3 години по запишување на студиите.

Студентот/ката запишан/а на двегодишни постдиплосмки студии е должен/на да ги заврши испитите во законски утврдениот рок, односно испитите да ги положи и да ја одбрани тезата во рок од 5 години по запишување на студиите.

**Проодност во семестри**

Полагањето на предметите започнува со полагање на предметите од задолжителниот теориски модул.

Првиот предмет од задолжителниот теориски модул може да се полага веднаш по завршувањето на мастер часовите (за групите од 5 и повеќе студенти), односно консултациите (за групите со помалку од 5 студенти). Предавањето на семинарскиот труд до професорот може да се изврши веднаш по завршување на мастер часовите/консултациите по тој предмет.

Откако студентот/ката ќе ги положи предметите од задолжителниот теориски модул има можност да ги избере и да ги полага предметите од изборниот модул. Изборниот модул покрај понудените изборни предмети од избраната студиска програма може да биде составен и од предмети од листата на изборни предмети од другите студиски група.

Методолошкиот модул се полага преку изработка и усна одбрана на елаборатот за магистерскиот труд.

Студентот/ката има право да го пријави магистерскиот труд по успешната одбрана на елаборатот за магистерски труд.

Темата на магистерскиот труд ја одбира студентот/ката во консултации со менторот/ката.

**Прифаќање на магистерска теза и избор на ментор/ка**

По успешно одбранетиот елаборат на магистерскиот труд, студентот/ката ја пријавува својата магистерска теза до Наставно - научниот совет.

Пријавата за изработка на магистерски труд се поднесува електронски на e-mail адресата: info@isshs.edu.mk или во писмена форма до академскиот координатор.

Студентот/ката истовремено треба да предложи и ментор/ка на темата. Менторот/ката по правило се бира од списокот на ангажирани лица на Институтот, но може да биде избрано и лице кое поседува соодветно звање, а да работи на некои од високообразовните научни установи од земјата или од странство. Доколку студентот/ката се одлучи за ментор/ка од странство, сумата за школарината на студиите не ги покрива овие трошоци. Во ваков случај студентот/ката е должен/а да ги подмири дополнителните трошоци за ментор/ка од странство.

Менторот/ката може да биде сменета по поднесено барање за промена на менторот, кое ќе биде соодветно образложено. Менторот има право, исто така, со образложено барање да побара да биде изземен од функцијата ментор на кандидатот. Барањето за промена на менторот се доставува до Научно-наставниот совет или Извршниот директор на Институтот.

Советот со јавно гласање се изјаснува дали дава согласност за предложената магистерска теза и предложениот/ата ментор/ка. Насловот на магистерската теза може да подлежи на мали корекции се до моментот кога истата ќе биде дадена на читање од страна на трочлената комисија, односно трочлената комисија ја добива во тврда копија верзијата на магистерската теза со финален наслов.

Магистерскиот труд во својата финална форма треба да биде лекториран, пред да биде испратен до комисијата за одбрана.

**Признавање на предметни програми и префрлање на студенти од други високообразовни установи**

Признавањето на положените испити на тековните студенти кои претходно имале запишано постдипломски студии според менторски наставни планови се прави според еквивалентност на содржини (испити) на предметните програми од старите наставни планови и програми од други високообразовни установи. Одлуката за еквиваленција ја донесува Научно - наставниот совет, на предлог на Комисијата определена од страна на Извршниот директор.

На ИОХН-Скопје во текот на студиите може да се запишат студенти кои се префрлаат од други акредитирани (според ЕКТС) високообразовни установи, кои имаат слична или исторoдна студиска програма.

Комисијата за пресметување и признавање кредити (ЕКТС) од ИОХН- Скопје, согласно Правилникот за пресметување и признавање на кредити, е задолжена да изврши сметање и признавање на кредити на студенот/ката кој/а се префрла на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и врз основа на донесената Одлука да го определи вкупниот број на кредити кои студентот/ката има должност да ги освои во рамките на студиите, со цел да се стекне со звање магистер на науки на ИОХН-Скопје.

**Дипломи**

По завршување на студиите и успешна одбрана на магистерскиот труд на студентот/ката им се издава диплома. Студентот/ката кој/а ги завршил/а студиите од втор циклус на ИОХН-Скопје, на програмите по: родови студии и студии на политиките, се стекнува со назив:

1. Магистер по родови студии, односно
2. Магистер по студии на политиките

ИОХН - Скопје по успешната одбрана на магистерскиот труд на студентот/ката му/и издава уверение со евидентирани положени испити, диплома и додаток на диплома.

Останатите ситуации кои не се предвидени и образложени во ова упатство за студирање на втор циклус студии ќе бидат решени со ставање на прашањето како точка на дневен ред на некоја од седниците на Наставно-научниот совет и со носење Одлука од страна на Советот на ИОХН - Скопје.